БИЛТЕН

БРОЈ 09/25



27.10.2025 година

Р Е Ф Е Р А Т

за избор на асистен во сите насловни звања од областа „Компјутерски технологии и инженерство" (2.02.00.14 -Фраскатиева класификација), на Факултет за информатика во состав на Европски универзитет Скопје

Во врска со објавениот конкурс во дневниот весник „Вечер" на ден 17.10.2025 година, за избор на асистент во насловни звања од областа „ **Компјутерски технологии и инженерство" 2.02.00.14** - Фраскатиева класификација), наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во состав на Европски универзитет Скопје, на 286-та седница одржана на ден 24.10.2025 година, донесе Одлука Бр. 02-597/2 за формирање рецензиона комисија за избор на соработник во соработничко звање асистент во сите насловни звања, во следниот состав:

1. Проф. д-р Благој Ристевски
2. Проф. д-р Никола Рендевски - член и
3. Проф. д-р Југослав Ачкоски- член.

По направената анализа на доставените документи рецензионата комисија има чест и задоволство, на наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во состав на Европски универзитет Скопје, да го поднесе следниот:

И З В Е Ш Т А Ј

По објавениот конкурс за избор соработник во соработничко звање асистент од областа „Компјутерски технологии и инженерство" (2.02.00.14-Фраскатиева класификација)– на Факултетот за информатика, во предвидениот рок се пријави само кандидатот м-р Викторија Андонова.

Врз основа на доставената Пријава бр. 03-581/1 од 16.10.2025 година и приложените документи: Професионална биографија (CV), Уверение за завршен I циклус студии, Уверение за завршен II циклус студии, Диплома за стекнат степен/назив магистер од соодветната област, Доказ за познавање на најмалку еден странски јазик и Уверение за државјанство, Рецензионата комисија го констатира следното:

Викторија Андонова, родена на 16.08.2000 година во Неготино. Завршила основно образование во ООУ „Страшо Пинџур" – Неготино, а средно образование во СОУ „Св. Кирил и Методиј" – Неготино, насока Електротехника за компјутерска техника и автоматика. Дипломирала на Факултетот за информатика при Европски Универзитет – Скопје со успех 8.75, стекнувајќи звање дипломиран софтверски инженер.

Во рамките на образованието, издава 3 трудови од компјутерски технологии и инженерство, и тоа:

1. Andonova, V. , Prof. Jugoslav Achkoski, PhD (2024). [IT INFRASTRUCTURE ANALYSIS DIAGRAM]. International Journal of Scientific Advances - IDEA, 8(15).
2. Andonova, V. (2024). [THE POWER OF DATA]. International Journal of Scientific Advances - IDEA, 8(16).
3. Andonova, V. (2024). [ПРЕДИЗВИЦИ НА ДИГИТАЛНАТА ЕРА]. Knowledge and Talent – The Foundation for Success.

КУРСЕВИ , СЕРТИФИКАТИ И НАТПРЕВАРИ

- Онлајн курс за UI / UX дизајн 2023;
- Уверение на натпревар Дабар 2016;
- Освоено II место за најдобар штанд на МАСУМ 2016;
- Сертификат Code CUP 2016;
- Освоено III место за најдобар штанд на МАСУМ 2017;
- Уверение на натпревар Дабар 2017;
- Сертификат Code CUP 2017;
- Благодарница за проект ЦКА -ПХВ 2015;
- Уверение за едукатор црвен крст 2019.

РАБОТНО ИСКУСТВО

Систем администратор од 01.12.2023 година на Европски Универзитет Скопје.

КОМПЈУТЕРСКИ СПОСОБНОСТИ

- Програмските јазици: C, C #, JSP, html и CSS;
- Компјутерски мрежи: cisco packet tracer;
- Компјутерска графика: Adobe Photoshop , Adobe lllustrator;
- Креирање на видео: Filmora, VideoPad;
- UI / UX: Figma.

СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ

- Англиски јазик

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходната анализа на биографијата, професионалниот развој и постигнатите резултати во областа на стручната, научната и истражувачката работа на м-р Викторија Андонова, како и прегледот на неговите објавени и рецензирани трудови, може да се заклучи дека кандидатот има изразит и успешен напредок во наставната,

научно-стручната и педагошката сфера. Презентираните научни и стручни резултати ја потврдуваат неговата посветеност и професионализам. Следствено, рецензионата комисија изразува особено задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Европскиот универзитет Скопје да го избере м-р Викторија Андонова за звање **АСИСТЕНТ** во областа „Компјутерски технологии и инженерство" (2.02.00.14-Фраскатиева класификација).

РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА

1. **проф. д-р Благој Ристевски - претседател**

   _____

2. **проф. д-р Никола Рендевски – член**

   _____

3. **проф. д-р Југослав Ачкоски – член**

   _____